09-144/1
08-01-2026

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), членот 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на -тата седница, одржана на 30.12.2025 година, ја донесе следната:

## ОДЛУКА

Пријавата со бр. 09-3071/1 од 24.11.2025 година, оформен против лицето -------------- директор на ЈП -------------, СЕ ОТФРЛА.

ДКСК утврди дека нема наводи во пријавата кои укажуваат за незаконити или недозволиви дејствија на службеното лице при вршењето на службените должности, по што ДКСК нема елементи за понатамошно постапување согласно со Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-3071/1 од 24.11.2025 година е оформен врз основа на пријава од непознат подносител, со наводи дека во комуналното претпријатие ЈП „------------------ на ден 18.11.2025 година за директор е поставено лицето -------------- од --------, и во истото претпријатие е вработена неговата сопруга ------------ како благајник – лице кое располага со парите на претпријатието. Пријавителот наведува дека ваквата состојба е контрадикторна и неспоива и претставува судир на интереси, двајца сопружници од кои едниот е директор а другиот благајник да водат Јавно комунално претпријатие.

По разгледување на пријавата, Државната комисија констатира дека наводите во истата не укажуваат на постоење на состојба која е во спротивност со одредбите од

Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, во кои не постои забрана блиски лица да бидат вработени во ист орган. Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси единствено содржи забрана за службено лице да врши влијание при вработување блиски роднини, но во пријавата не се изнесени наводи со таква содржина, и при натамошното извршување на службени должности како службено лице директор во ЈП --------------, треба да внимава да не се доведете до судир на интереси.

Согласно наведеното, Државната комисија укажува за тоа доколку службеното лице се најде во некоја ситуација која може да го доведе до потенцијален судир на интереси или реален судир на интереси потребно е да постапи согласно член 75 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и тоа:
*„(1) Кога службеното лице ќе дознае за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси, е должно веднаш да побара да биде изземено и да запре со своето постапување.“*

Имајќи го во предвид погоре изнесеното, Државната комисија одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

По заклучок на ДКСК.
Изработил: м-р Б.К. – виш соработник
Одобрил: Б.Ц., член на ДКСК